ул.Архимедова бр.2
1000 Скопје, Македонија

ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ

**ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**

**Сектор за правни и општи работи**

# ПРОГРАМА

# ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2026 ГОДИНА

**Декември, 2025 година**

Врз основа на член 22 став (1) точка 10, член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02 и ''Службен весник на РСМ'' бр.202/24) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.4/06 и 12/13), Советот на Општина Гази Баба на седмата седница одржана на 24 декември 2025 година, донесе

**П Р О Г Р А М А**

**ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2026 ГОДИНА**

## I ВОВЕД

- Со програмата се уредува извор на финансиската конструкција
- Пресметани трошоци за заштита и спасување на подрачјето на Општина Гази Баба.
- Распределба на средствата за финансирање .
- Тековни активности и динамика на извршувањето на програмата.

Законот за заштита и спасување ги обврзува општините во градот Скопје да изготват програма за заштита и спасување.

Имајќи предвид дека Општина Гази Баба 2/3 е рурален дел и дел кој е во урбана средина, програмата за заштита и спасување ќе има за цел подобрување на превентивните мерки на делување во истите.

**Цели и задачи на програмата**

Основна цел на оваа програма е да се обезбедат основни средства за превентивно делување на подрачјето на Општина Гази Баба.

При определување на задачите за заштитата и спасувањето се тргнува од целосно различна природа на предизвиците и заканите со кои денес се соочуваме. Имено, актуелните ризици и опасности, по својата природа се непредвидливи, нивните појави тешко се предвидуваат, а последиците можат да бидат со огромна материјална штета како и во одредени случаи и со човечки жртви. За да се справиме и соодветно одговориме на ризиците и опасностите главен акцент се става на следниве елементи:

- Навремена идентификација и процена на ризиците и опасностите кои можат да ги загрозат животите на граѓаните и материјалните добра;
- Нагласеност на превентивната функција како и преземањето на мерки за подготвеноста на институциите;
- Ефикасност во искористување на ресурсите и капацитетите;
- Редовно ажурирање на сите оперативни планови за заштита и спасување од природни непогоди и други несреќи;
- Редовно годишно ажурирање на мерките за приправност;
- Согласно законските обврски да се врши дератизација, дезинфекција и дезинсекција на целото подрачје на Општина Гази Баба;

- Да се врши едукација и подготовка за превентивно делување;
- Формирање на доброволни противпожарни друштва нивно опремување и обука;
- Реновирање и обнова на засолништата во урбаните населени места; и
- Теориска едукација и практични показни вежби за евакуација при катастрофи во соработка со одделението за управување при катастрофи на црвениот крст Гази Баба како и со ДЗС, ЦУК и релевантни институции.

## ПРОГРАМА ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2026 ГОДИНА

| Бр. | Планирана активност | ПЕРИОД НА РЕАЛИЗАЦИЈА | ПЛАНИРАНИ СРЕДСТВА | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | БУЏЕТ НА ОГБ | ДОНАЦИЈА | БУЏЕТ НА РМ | ЦЕНТАР ЗА РАЗВОЈ НА СКОПСКИ ПЛАНСКИ РЕГИОН | ЕУ ФОНДОВИ | КРЕДИТ | ВКУПНО |
| | | во месеци | извори на финасирање во МКД | | | | | | во МКД |
| 1 | набавка на машини, алат и опрема за лична заштита, за доброволните противпожарни друштва и кризниот штаб за зимска служба и опремување на урбаните и месните заедници, прва медицинска помош, носилки, кебиња и набавка на дефибрилатори | јануари | 500,000.00 | | | | | | **500,000.00** |
| 2 | Согласно законските обврски двапати во текот на годината се врши дератизација на целото подрачје на ОГБ, како и дезинсекција и локална дезинфекција | април-октомври | 900,000.00 | | | | | | **900,000.00** |
| 3 | испитување на отпор на заштитно заземјување на ниско напонска електрична инсталација, испитување на отпор на изолација на ниско напонска инсталација, испитување на непрекинатост на заштитно заземјување, испитување на импеданса, поставување на нови спратни табли и ФИД склопки, поставување на детектор за пожар во општинските бараки и во објектите во сопственост на ОГБ | февруари | 600,000.00 | | | | | | **600,000.00** |
| 4 | набавка на ПП апарати, како и сервисирање и одржување на постоечките согласно законот, два пати годишно | јануари | 600,000.00 | | | | | | **600,000.00** |
| 5 | зимско одржување на улици и патишта на територија на Општина Гази Баба | | 8,000,000.00 | | | | | | **8,000,000.00** |
| | ВКУПНО | | **10,600,000.00** | **0.00** | **0.00** | **0.00** | **0.00** | **0.00** | **10,600,000.00** |
| | | | | | | | | | |
| | Структура во % | | **100.00** | **0.00** | **0.00** | **0.00** | **0.00** | **0.00** | |

## III ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Програмата за заштита и спасување за 2026 година ќе биде финансирана од Буџетот на Општина Гази Баба, исто така како можност може да се јават и донации и спонзорства од приватниот сектор се со цел за поголема заштита на подрачјето на Општина Гази Баба.

Програмата за заштита и спасување ќе се одвива според предвидената динамика на реализација, како и според потребите за превентивно делување на подрачјето на Општина Гази Баба и во координација со градот Скопје, при што и градот Скопје може да се вклучи со свои средства за потребите на превентивно делување .Доколку потребите за помош се од поголеми размери се вклучуваат и Републичките сили за заштита и спасување.

Оваа програма влегува во сила со денот на објавувањето во ''Службен гласник на Општина Гази Баба'', а ќе започне да се применува од 1 јануари 2026 година.

**Број 09-10072/25**
**од 24.12.2025 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Виктор Трпевски, с.р.**